Општина Гази Баба
ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
АПРИЛ 2008 - БРОЈ 9



# Засади ја својата иднина





Дваесет илјади садници на површина од 15 хектари, беа засадени во селата Булачани и Раштак на 12 март- Денот на дрвото. На тој начин и Општина Гази Баба активно се вклучи во акцијата за пошумување на државава, иницирана од Владата и Иницијативниот одбор. Тој ден беше прогласен за неработен, а граѓаните масовно се одзваа, давајќи свој придонес со засадување на по една, па и повеќе садници.

- До наведените локации пристигнаа 17 преполни автобуси, со околу 4.000 граѓани. Изненадени бевме од големиот интерес на граѓаните. За некои дури и немаше садници, а секој од нив беше дојден со желба да засади дрво, вели Димитар Илиевски советник во Одделението за животна средина при Општината Гази Баба.

Во оваа акција лично учествуваше и градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски. Тој засади садник во селото Раштак, заедно со амбасадорот на Словенија, како и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски, градоначалникот на Општина Бутел, Петре Латиновски. Во Раштак можеа да се забележат и естрадни уметници и водители меѓу кои и Лила Филиповска, Ирена Спировска и други.



# Засадени 20.000 садници на "Денот на дрвото"













-Претходно Општината го подготви теренот, за да можат побрзо да се засадат што повеќе садници. За учениците пак, кои исто така зедоа учество во засадувањето на дрвја, Општината обезбеди сокови, газирана вода и чоколади, изјави Илиевски.

Стартот на оваа акција, во претходните денови, симболично беше означен со засадување на дрвја во ОУ "Стив Наумов", во населбата Автокоманда, во градинките на територијата на општината, а осми март, исто така со засадување на дрвја, беше симболично одбележан и во ОУ. "Дане Крапчев", во населбата "М.А. Ченто".

Инаку, оваа акција чија цел беше да се надоместат штетите од ланските пожари и да се насадат онолку дрвја колку што има жители во државата, беше спроведена во сите општини и краеви во државата.

## КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Успешна општина е таа што



**Кога последен пат некој градоначалник на Гази Баба ги обиколил на овој начин сите месни заедници?**

- Не знам дали некој воопшто направил вакви системски посети и токму во овој период, на почетокот на годината. Такво нешто немало барем од 1996 година па наваму. Можеби имало индивидуални посети и толку.

**- Од каде беше идејата да се направи една ваква обиколка пред да почне градежната сезона?**

- Постојано бевме во контакт со месните заедници, но најчесто со претседателите и со советите, или пак, со некои целни групи. Но, од искуството што го имавме минатата година ни произлезе идејата да го направиме ова. Ние кон крајот на 2006 и на почетокот на 2007 година ги формиравме сите месни заедници. односно се избраа претседатели и членови на советите. Минатата година имавме многу голема активност и многу добра соработка. Се што правевме во општината го правевме преку месните заедници. Јас како градоначалник и ние како администрација на општината организиравме низа состаноци во општинските простории со сите месни заедници, на кои учествуваа и претставници од јавните претпријатија на градот Скопје, ЕСМ-ЕВН, ЈП Водовод и канализација, ЈП Комунална Хигиена, ЈП Паркови и зеленила и други институции кои беа повикувани за директно, во комуникација со граѓаните, да ги слушнат нивните проблеми. Најголем дел од состаноците беа успешни, затоа што потоа претпријатијата излегуваа на терен и завршуваа добар дел од обврските. Тргнувајќи од таа пракса донесовме одлука да направиме една планска, системска посета на сите месни заедници и за првпат на тие состаноци ги донесовме одговорните луѓе на ресорите во општината, од одделенијата за урбанизам, инфраструктура, комуналната инспекција итн. Граѓаните можеа директно да им постават прашања на вработените како стручни лица, а тие да ги почувствуваат нивните потреби.

**- Сте ги посетиле сите 25 заедници. Каков впечаток ви оставија? Дали функционираат? Дали се организирани? Заинтересирани ли се за работата на општината?**

- Ние мораме да ги направиме месните заедници основна клетка во функционирањето на општината. Само општина што има активни и организирани заедници може да биде успешна. Но, за да бидат такви тие треба да имаат предуслови. Поголемите од нив имаат секретари, тоа се седум луѓе кои што се вработени во општината, а работното место им е во соодветната заедница. Така, граѓаните можат сите нивни забелешки, сугестии и предлози да ги доставуваат до секретарите, а тие потоа да ги пренесуваат во општината. Минатата година ги преземедовме сите секретари на општинскиот платен список. Тие претходно беа на списоците на некоја интересна заедница, некој остаток од стариот систем.

**- Какви услови за работа имаат заедниците?**

- Добар дел од месните заедници немаат простории, а тие што имаат ги затекнавме во многу лоша состојба. Планот ни е оваа година да ги досредиме просториите што останаа од минатата година, а за неколку можеме и да направиме објекти. Треба да вработиме уште неколку секретари, но за помалите населени места ќе има еден секретар за повеќе заедници. Исто така, наследивме многу долгови, за вода, електрична енергија и за телефони. Не станува збор за многу пари, од половина до еден милион денари. Мислам дека ќе го решиме и тој проблем за да можеме да речеме дека отсега ќе функционираат без долг. Ова го имаме предвидено и во буџетот. Понатамошна цел ни е да пренесеме дел од работите на општината во просториите на месните заедници, за и таму да можат да се издаваат некои документи.

**- Самите граѓани ли ги избраа претседателите и советите?**

- Да, граѓаните го сторија тоа, но ние им помогнавме да ги спроведат тие избори. Направивме една постапка која со сигурност овозможуваше да се изберат тие тела. Ако оставевме самите граѓани да избираат, мислам дека ќе беше проблематично. Можни беа политички влијанија. Затоа од советот на општината формиравме групи од сите политички партии и ги распределивме по заедниците да ги спроведат изборите. Тоа го завршивме успешно во сите 25 месни заедници. Јас сум задоволен, затоа што немавме ништо, а сега имаме совети на кои можеме секогаш да им се обратиме. Таму се зборува за приоритетите на населените места и тоа ни овозможува да го согледаме расположението на граѓаните.

**- Што најмногу ги интересираше граѓаните на неодамнешните посети?**

- На овие состаноци ние дававме отчет што сме сработиле во минатата и во претходните години и што планираме да направиме во оваа година. Значи што сме направиле во инфраструктурата, за граѓаните да знаат колку пари се потрошени, каде и за што. Во сите месни заедници наидовме на многу добар прием. Тоа се должеше на неколку фактори. Прво, затоа што имаме постојан контакт со нив, и второ, затоа што во добар дел од нив имаме доста сработено. Граѓаните знаат да го ценат тоа. Сите состаноци поминаа во многу коректна атмосфера. Затоа ова ни беше мотив поинтензивно да продолжиме со работата.

**- Има ли некои општи проблеми, за кои се пожалија сите или речиси сите месни заедници?**

- Не би можел да изведам генерален заклучок. Прво би почнал со општината. Граѓаните се задоволни од комуникацијата со некои служби, но со некои не се. Тоа е добра порака за мене како градоначалник. Сепак, инфраструктурата е општ



**Во изминатиов период градоначалникот ги посети сите месни и урбани заедници и директно со граѓаните разговараше за нивните проблеми. На состаноците учествуваа и раководители од општинските сектори**

# има силни месни заедници

проблем за сите месни заедници. Ние сме половина рурална, половина урбана општина, но и во урбаниот дел инфраструктурата не е на некое ниво за да не мора таму ништо да се гради. Железара е најурбана населба и таму има најмалку проблеми. На некои места недостасува вода, речиси секаде е потребно да се асфалтираат улици и да се градат пешачки патеки,

**- Вклучено беше и подрачното одделение од Министерството за финансии?**

- Да, ги вклучивме и нив во овие посети, затоа што граѓаните имаат многу проблеми со денационализација, од една и со откупот на земјиштето од друга страна. Затоа што имаме повеќе населби во кои лиуѓето се населиле во бараки.

**- Кои проекти беа најприфатени?**

- Имаме неколку крупни проекти што ја добија потврдата од граѓаните на општината дека треба да се решаваат како приоритети. Главен е фекалната канализација од Инџиково до Вардар и секундарната мрежа во Инџиково, Сингелиќ и во Стајковци. Таа ќе биде значајна и за населбата Ченто, затоа што ќе има слободен пат со новиот колекторски систем. Таков проект е и фекалната мрежа во Трубарево, Скопско Поле, Јурумлери и во Колонија Идризово. Ќе почнеме да правиме проекти за фекална канализација и за планинските населени места, Булачани, Страчинци и други. Вториот голем проблем ќе биде водоснабдувањето за населбите Ченто, Инџиково, Сингелиќ и Стајковци. Таму има главен вод со широчина од 600 милиметри до "Агросервис", а понатаму тој се смалува на 300, па и на 200 милиметри. Затоа порачавме проект кој се изработува. Ќе мораме да бараме пари од државата, градот или од други организации, затоа што тој проект ќе чини три до четири милиони евра. Таа мрежа е направена за потребите од пред 30 до 40 години, а сега тие се неколкукратно зголемени.

**- По овие разговори ќе има ли измени во програмите на општината за оваа година?**

- Измени сигурно ќе има, но во најголем дел ние сме ги предвиделе овие проблеми, само сакавме да ги потврдиме. Имаше и доста работи што не сме ги предвиделе, а граѓаните ги сметаа за приоритетни. Најчесто тоа беше каде што имавме дилеми дали да направиме едно или друго. Најголемиот дел од нашите предвидувања беа потврдени, но важно беше да се прашаат граѓаните.

**- Сте разговарале и за патот Р-103. Што им пренесовте на граѓаните?**

- Патот е црна точка, тоа е јасно. За да се решат проблемите со него, потребни се многу пари. Сепак, јас мислам дека и сообраќајната полиција треба да биде поактивна. Информирани сме дека ќе се формира ново одделение за сообраќајна полиција во нашата општина, кое што ќе ги опфаќа подрачјата на сите општини кои произлегоа од старата Гази Баба. Тоа ќе брои 20 до 25 сообраќајни полицајци. Сметам дека добро ќе ја вршат својата работа и на Р-103, затоа што ќе имаат дополнителна обврска и притисок од граѓаните.

**- Се барало и промена на водоводниот систем во Автокоманда?**

- Да, тој е стар систем, веќе направивме измена на дел од него, а годинава ќе продолжиме. Во оваа населба ќе ја замениме и фекалната канализација на улицата Лазар Поп Трајков, бидејќи таа е многу стара и корењата од дрвјата се навлезени во цевките.

**- Кои се главните проблеми со патиштата?**

- Најголем проблем е асфалтирањето. Треба да се направи патот од Брњарци до Стајковци, потоа од ова село до Камник, од Раштак до Бутел и од Инџиково до арачиновскиот пат. Но, санирање на коловози е потребно во сите населени места.

**- Проектите се спроведуваат паралелно, фазно или еден по еден?**

- Ние за сите активности бираме повеќе фирми, што ни овозможува тие да извршуваат работи на повеќе места, во зависност од тоа колку пари имаме. Но, во секој случај ќе се работи паралелно, и за асфалтирање, и за канализации и за друго.

**- Освен што ви ги кажаа проблемите, добивте ли и пофалби од некои граѓани?**

- Ние бевме пријатно изненадени што граѓаните во повеќето месни заедници беа задоволни од тоа што сме го направиле и добивме јавна поддршка за тоа. Но, имаше и населени места во кои што многу сме инвестирале, но никој не ни рече "благодарам". Сепак, и тоа е нормално, затоа што на состаноците доаѓаат главно луѓе што имаат проблеми во нивните маала, а тие каде што сме ја завршиле работата си седат дома.

**- Колку граѓаните се запозаени со децентрализацијата, со надлежностите на општината во однос на градските или на државните власти?**

- Односот држава-општина во добар дел го познаваат, но не целосно. Мислат дека Гази Баба има многу пари, од ДДВ-то што го плаќаат фирмите на нејзиното подрачје. Ние собираме само 0,6 отсто од овој данок, а фирмите од општината учествуваат со 30 до 40 отсто во вкупното ДДВ што го собира државата. Лани ние добивме пет милиони денари од ДДВ, а општина со слична големина и број на население како нашата во внатрешноста доби 30 милиони. Скопските општини имаат најголеми проблеми со финансирањето, поради двостепената локална самоуправа.

**- Има ли други начини да се подобри животот во месните заедници?**

- Ние спроведуваме една активност, онаму каде што има фабрики, компаниите потесно да се поврзат со заедниците и да го помагаат нивниот развој. Тоа дава многу позитивни резултати.

ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛБИ

# Исчистени дивите депонии

Јавното претпријатие "Комунална хигиена" спроведе акција за чистење диви депонии на повеќе локации, по иницијатива на општината Гази Баба. Акцијата се спроведуваше на улиците 519 и 520 во населбата Керамидни-



ца, Благоја Стевковски во Маџари и Перо Наков во Вардариште. Вкупно беа собрани околу 64 кубни метри отпад.

Акцијата ќе продолжи и во другите делови на општината. Комуналната инспекција апелира до граѓаните да не го оставаат отпадот на јавните површини, односно да го почитуваат комуналниот ред и да ја зачуваат животната средина.

ЖЕЛЕЗАРА

## Паркинг за 40 возила

Населбата Железара доби нов паркинг на површина од 600 квадратни метри, кој може да собере вкупно 40 возила. Паркралиштето е лоцирано на улицата Коце Металец и ќе го користат неколку згради од овој дел на населбата. Тоа е целосно поплочено со павер елементи. Градежните работи ги изведуваше фирмата "Бетон".

Со изградбата на овој паркинг се очекува да се намали недостатокот од простор за оставање возила. Општината и понатаму ќе продолжи да гради паркиралишта на местата каде што има проблем со паркирање, се со цел да се спречи употребата на тротоарите, пешачките патеки и на зелените површини за оваа намена.

НОВА ПРАКТИКА

# Фирмите во општината ја чистат околината



"Топлификација" АД го исчисти тротоарот во близина на топланата Исток на улицата 516 во населбата Ќерамидница, во должина од 100 метри, кој долго време беше обраснат со треви и затрупан со ѓубре и со градежен шут. Со ова почна новата практика на општината Гази Баба, во соработка со фирмите на нејзиното подрачје да се зголемува чистотата.

Оваа практика општината ќе ја продолжи и во иднина, за да се зголеми еколошката свест кај граѓаните.



ЧЕНТО

# Нов водовод на крак од Сречко Пужалка

Жителите на крак од улицата Сречко Пужалка во населбата Ченто добија нов водовод. Општината во соработка со јавното претпријатие "Водовод и канализација" ја реконструираше водоводната мрежа во овој дел. Старите и дотраени цевки во должина од 150 метри беа отстранети и заменети со нови цевки, со широчина од 100 милиметри. Наскоро се планираат и други санации во водоводната мрежа, во соработка со претпријатието.

ВО КЕРАМИДНИЦА



Нова, 1.000 киловолтна трафостаница е пуштена во употреба во населбата Керамидница. Таа е поставена за да се решат долгогодишните проблеми на жителите од оваа населба. Тие речиси постојано имаа слаб напон на електричната енергија од 160 до 170 волти. Поради тоа често им се случуваа прекини во напојувањето со електрична енергија и им прегоруваа апаратите во домаќинствата.

Со новата трафостаница, вкупно 70 домаќинства од населбата Керамидница ќе добијат квалитетно напојување со електрична енергија од 220 волти.

# Нова трафостаница од 1.000 киловолти

НА ИЗЛЕЗОТ ОД ЦРЕШЕВО





# Сферно огледало за побезбеден сообраќај

Сферно огледало е поставено на локалниот пат од населеното место Црешево кон Виниче, на непрегледна локација на која постојано имаше опасност од сообраќајни незгоди. Огледалото се наоѓа на излезот од Црешево, на патот кој дневно го користат околу 1.000 жители.

Во иднина се планира да се поставаат вакви сферни огледала на сите критични точки во општината и на тој начин да се зголеми безбедноста во сообраќајот, што е и еден од приоритетите на општината Гази Баба.




# Табла со име на влезот од секое населено место

Општина Гази Баба и годинава ја продолжува акцијата за поставување на табли со означување на имињата пред секоја населба, што минатата година ја започна во урбаниот дел. Годинава со неа ќе бидат опфатени сите населени места во руралниот дел од Општината.

- Табли ќе бидат поставени во сите населени места во руралниот дел од Општината, а целта е да се подобри вертикалната сигнализација на целата територија на Општината.

Минатата година табли со имиња беа поставени на влезовите во населбите: Железара, Автокоманда, Ќерамидница, Триангла, Маџари, Хиподром и Ченто.

ОД НЕОДАМНА

## Централно греење во училиштето „Наум Наумовски Борче“

Основното училиште "Наум Наумовски Борче" се приклучи на централното парно греење, со што се овозможи тоа поквалитетно да се загрева и помалку да ја загадува животната средина. Во ова училиште настава посетуваат вкупно 800 ученици.

Парите за оваа намена ги обезбеди општината Гази Баба заедно со донатори. Досега на централното парно греење се приклучени три училишта, а во иднина се планира да се приклучат и повеќе основни училишта и градинки.

АКЦИЈА

## Тампонирани улици во повеќе населени места

Улици со вкупна должина од 1.700 метри и со просечна широчина од три метри беа тампонирани во населеното место Раштак, во рамките на акцијата што општината Гази Баба интензивно ја спроведува на нејзиното подрачје. Овие градежни работи ги изведуваше фирмата "Жикол".

Во Инџиково пак, градежното претпријатие "Пелагонија Гостивар" ја тампонираше улицата 14 која е долга 370, а широка четири метри. Планирано е и тампонирање на улици во должина од 700 метри во населбата Економија.

Голема акција за да се подобри квалитетот на патиштата се спроведе и во Црешево, каде што се тампонираа улици со вкупна должина од 1.500 метри и со широчина од 3,5 метри. Овие улици ги користат околу 1.000 жители. Акцијата за тампонирање ќе продолжи и во други населени места.

## ВО МАЏАРИ И ЧЕНТО

# Отворени народни кујни

Во киното Маџари отворена е народна кујна, прва во Општината, а 28 по ред во државата. Топол оброк на овој пункт ќе добиваат 50 семејства, корисници на социјална помош, или вкупно ќе се подготвуваат 199 оброци. Досега во 28-те отворени кујни во државата, број на лицата кои ќе добиваат топол оброк е 2860.

- Благодарни сме на Владата и Министерството за труд и социјална политика што и нашата Општина е вклучена во оваа социјална програма. Ние како Општина направивме се што е во нашата можност народната кујна да биде отворена и на наша територија. Притоа се надеваме дека ќе се отворат уште неколку пункта. Секаде и во најразвиените општества постои оваа категорија на луѓе и затоа како општество треба да им овозможиме она минимално со што животот би им станал малку поподнослив. Наше беше да обезбедиме простор, прибор и установа која ќе го прави и дистрибуира оброкот. Значи просторно и организациски бевме вклучени во овој проект, изјави на отварањето на народната кујна градоначалник на Општина Гази Баба, Коце Трајановски.

Топол оброк во народната кујна ќе добива и петчлено семејство на Самир Амири.

-Откако се затвори фирмата во која работев во 2005 година, заедно со семејството со количка почнавме да собираме од канти. Сакаме да имаме работа, но така се случи и затоа ова за нас е голема помош, вели Амири. Топол оброк од пунктот во кино Маџари добива и Душанка Граматикова. Таа живее сама во стан на улицата Благоја Стевковски, а единствена помош која ја добива од државата, како што вели се осумстоте денари социјална помош. Таа до минатата зима со храна се снабдувала од хотелот Континентал.

Од Министерството за труд и социјала, пак, велат дека се планира отворање на народна кујна и во Дебар, а потоа и во Демир Хисар и Пробиштип.

- Го продолжуваме проектот на Владата, свесни дека и во економски најјаки држави постојат сиромашни луѓе, а државата е таа што се грижи да им помогне, велат од Министерството.













# Спортско рекреативен центар во Ченто со атрактивно шаховско поле

Нови спортски терени и катчиња за рекреација и разонода не само за младите, туку и за оние постарите се дел од многуте проектни активности на Општина Гази Баба за годинава. Тоа е само доказ дека општинските власти се грижат и настојуваат на своите граѓани да им обезбедат здрав живот, но и правилен развој на младите.

Во таа насока, треба да се спомене дека привршува изградбата на игралиштето за мал фудбал и кошарка во дворот на ОУ. "25 Мај", во селото Сингелиќ кое учениците уште недоизградено започнаа да го користат. Освен игралиштето кое е со стандардни димензии за вакви видови на спортови, 20 x 40 метри, изградени се и пристапни патеки поплочени со бекатон елементи. Игралиштето е и оградено. За неговото асфалтирање беше задолжена градежната фирма "Гранит", додека поплочувањето на патеките го изврши "Урбан Инвест".

- Децата не дочекаа до крај да биде завршено игралиштето, а веќе почнаа да го користат, вели Благој Кчев, одговорен за комунална инфраструктура во Општината Гази Баба и додава дека останува само уште да се озелени просторот околу него. Како што потенцираше тој, за изградба на ова игралиште, Општината издвои 1.800.000 денари.

Општината планира да постави и детско игралиште во другиот дел од дворот на ова основно училиште, се разбира откако ќе го уреди просторот. Ова игралиште ќе содржи разновидни реквизити (клацкалки, лулашки, тобогани итн).

- Ова детско катче ќе се постави откако ќе се заврши со атмосферската канализација која минува низ училишниот двор, нагласи Кчев.

Освен ова игралиште Општината Гази Баба ќе работи и на довршување на главниот и атрактивен спортско - рекреативен центар, кој се наоѓа на претпоследната станица "45", во населбата Ченто, а кој свечено ќе биде промовиран најверојатно на 22 април, денот на планетата земја.

-Овде веќе постои игралиште за мал фудбал и за кошарка. Планот е до него да се направи детски забавен парк со лулашки, клацкалки и други реквизити кои веќе се нарачани. Посебно интересно ќе биде шаховското поле, во рамките на овој комплекс, кое ќе биде изведено меѓу фудбалското игралиште и детското забавно катче, по што, оваа општина ќе биде единствената во градот, информираше Кчев.

Ова шаховско поле ќе има големи шаховски фигури, а ќе биде изградена и трибина за следење на шаховските натпревари.

За изградба на шаховското поле ќе бидат ангажирани фирмите "Гранит", "ТМ Инвест", "Тиверија" и "Урбан Инвест".

Исто така, како што објаснува Кчев, просторот околу овој спортско -рекреативен центар ќе биде хортикултурно уреден, а ќе бидат поставени и пет клупи и чешма.

Реализирањето на овој проект Општината ќе ја чини три милиони денари.

Комплетно е реконструиран и детскиот забавен парк во населбата Автокоманда кој се наоѓа меѓу улиците Лазар Поп Трајков и Ташко Караџа.

- Обновени се сите стари реквизити, со тоа што се бојосани, а скршените се заменети со нови. Околу паркот се направени патеки поплочени со бекатон елементи, поставени се клупи, а комплетно е поправено и осветлувањето, потенцира Кчев.

Овој зафат според Кчев, Општината ја чинело 500.000 денари.

Изградба на пристапни патеки до детското игреалиште кај црвените згради, на улицата "Антон Попов", што беше изградено минатата година, како и катче за одмор и рекреација на повозрасните позади зградите, се исто така дел од активностите за годинава, на општината во однос на создавањето услови за спортување и рекреирање на своите жители.

Годинава ќе биде оформена и зелена оаза на местото на старите руинирани бараки до ОУ "Григор Приличев", во населбата Железара.

- Старите неугледни бараки ќе се урнат, а просторот ќе биде уреден во парк, кој навистина недостига во овој дел", заклучи Кчев.



## ВО ОУ ДАНЕ КРАПЧЕВ

Нови алуминиумски профили ќе ги заменат старите и дотраени дрвени прозорци во основното училиште "Дане Крапчев", со што ќе се овозможи и поефикасно користење на топлинската и електричната енергија.

Општината Гази Баба потпиша договор со УСАИД да се заменат прозорците во ова училиште во населбата Ченто, како дел од проектот на американската агенција со кој сака да ги подобри условите во основното образование во Македонија.

Вкупно ќе бидат заменети 28 прозорци и две влезни врати. Со проектот, кој ќе чини два милиони денари, се очекува да се обезбедат поквалитетни услови за настава за 1.080 ученици.



# Алуминиумски прозорци за заштеда на енергија







# Тренинг центар за лица со инвалидност во МЗ Железара

На 31 јануари, во Месната заедница во населба Железара, свечено беше отворен тренинг Центарот - Промоција на обука за иницијално остручување и за вработување на лица со инвалидност. Стартот на работењето на овој тренинг Центар го означи градоначалникот на Општината Гази Баба, Коце Трајановски.

Просториите за тренинг центарот ги обезбеди Општина Гази Баба, а во нив се поставени 15 компјутери. Во овие простории лицата со инвалидитет ќе се здобијат со познавања на компјутерските вештини од Microsoft Word до WEB design.

- Целта е на овие лица да им се овозможи стручна помош во изучување на компјутерски програми, од оние основните, па се до Веб-дизајн, со намера тие полесно да најдат вработување. Во бараката се поставени 15 компјутери, на кои ќе можат да се обучуваат околу 210 лица со инвалидитет, жители на Гази Баба, колку што и има регистрирано во оваа општина, велат од Општина Гази Баба. Инаку, за овие лица ќе биде обезбеден и превоз од нивните домови до Центарот и назад.

Тренинг Центарот се формираше во рамките на преоктот ANAP 19, кој е финансиран од Hellenic Aid - Министерство за Надворешни работи на Република Грција, а е имплементиран од Handicap Care Hellas во партнерство со локалната невладина организација Шпреса и со значаен придонес на локалната невладина организација Иницијатива за Европска Перспектива и Општина Гази Баба.



# Стартуваше изградбата на комплексот Ера Сити

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО НАЈГОЛЕМ ДЕЛОВЕН, ТРГОВСКИ И ЗАБАВЕН ЦЕНТАР



Општина Гази Баба и градот Скопје ќе добијат на едно место огромен и модерен деловен, трговски и забавен центар, кој ќе биде лоциран на слободниот простор кај Скопски Саем и ќе биде најголемиот комплекс во регионот. Станува збор за комплексот Ера сити - Скопје чиј инвеститор е словенечката групација Ера. Почетокот на неговата изградба, беше означен на 31 јануари годинава, кога во Скопски Саем беше поставен камен -темелникот на првата деловна зграда од комплексот. Симболичното стартување на градбата со истурање на бетонот во камен - темелникот го изврши премиерот Никола Груевски, министерот за надворешни работи на

**Центарот чиј инвеститор е словенечката компанија Ера ќе биде лоциран на слободниот простор кај Скопски Саем. Изградбата на комплексот ќе трае пет години и ќе чини 150 милиони евра**

Словенија Димитриј Рупел и претседателот на Управата на групацијата Ера, Гвидо Омладич. На свечениот чин присуствуваше и градоначалникот на Општината Гази Баба, Коце Трајановски на чија територија ќе се протега овој објект.

- Денеска го означуваме почетокот на реализицијата на една од најголемите странски инвестиции од осамостојувањето на Република Македонија. Концептот на оваа инвестиција е во Ера сити Скопје да бидат привлечени повеќе препознатливи меѓународни брендови, преку кои ќе се презентира Македонија како држава со добар кредибилитет на инвестирање и кои ќе го подигнат имиџот на нашиот главниот град и на државата во целина. Оваа инвестиција претставува уште еден влог во нашите одлични односи со Република Словенија, како држава која е наш голем пријател и поддржувач, истакна на свеченоста премиерот Груевски и додаде дека присуството на Групацијата претставува јасен позитивен сигнал за добрата бизнис клима во Македонија преку која се испраќа многу силна порака до останатите инвеститори и е доказ дека Владата спроведува конзистентни политики и реформи.

Премиерот Груевски, потенцираше дека станува збор за најголем и најсовремен деловен, но и претприемачки, трговски и забавен центар во регионот со понуда за над 30 илајди посетители.

- Овој комплекс ќе претставува еден





# во Скопски саем

вид град во град, со тоа што во себе ќе содржи комплетна самостојна инфраструктура, со понуда на бројни содржини и услуги, објект во кој ќе се случуваат голем број на бизнис средби и голем број културни случувања од регионален размер. Објектот ќе има и над 5000 паркинг места што е од огромно значење и за градот и за општината Гази Баба .

Градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски изрази задоволство што општината Гази Баба, после долги години ќе добие бизнис центар кој во голема мера ќе овозможи економски просперитет на Општината.

- Ова е многу значаен бизнис центар за општина Гази Баба, за градот Скопје и за државата. Ги повикувам и останатите инвеститори да инвестираат во оваа општина, бидејќи ова претставува сигнал за тоа дека Општина Гази Баба е подготвена да им ги овозможи сите можности и услови за да можат тие овде да инвестираат, рече Трајановски.

Како што истакна Министерот за надворешни работи на Словенија, Димитриј Рупел, станува збор за значајна инвестиција и за двете држави. Тој потенцираше дека вкупната вредност на словенечките вложувања во Македонија, кои секоја година растат, достигнува вреност од околу 120 милиони евра, а тие до сега генерирале околу 2500 нови работни места.

- Оваа година словенечките претпријатија во Македонија ќе вработат уште 1000 нови работници. Ја подржувам Македонија во нејзиниот пат кон ЕУ, заклучи Рупел.

Гвидо Омладиќ, претседател на Управата на групацијата ЕРА, истакна дека

зградата ќе биде прв нов објект во рамките на повеќенаменскиот комплекс со бруто површина 33.600 квадратни метри, 10 ката и три подземни гаражи. По својата архитектура ќе биде современ, препознатлив, но и со најмодерна информатичка комуникациска инфраструктура.

Со изградбата на деловната зграда истовремено ќе започне и изградбата на најголемиот трговски центар во регионот кој ќе опфаќа подземен паркинг, приземје и кат, со вкупна површина од 85 000 метри квадратни. Во својата понуда, тој








ќе опфаќа широка палета на дополнителни дејности, како што се велнес, фитнес, куглање, и кино ресторани. Понатаму, ќе се продолжи со изградба на трговскиот центар во кој ќе се нудат непрехранбени стоки како што се гарденцентар, различна опрема, уреди, алати и производи за домаќинствата. Трговскиот центар со мега маркетот ќе се наоѓа во централниот дел на Ера Сити - Скопје.

Комплексот чија изградба ќе трае пет години ќе чини 150 милиони евра, а инвестиционите влжувања ќе се реализираат преку партнерства. Овој центар ќе отвори околу 800 нови работни места. Словенечката групација Ера, која работи веќе 50 години е доминантен сопственик на Скопскиот Саем, а подолг период е присутна на македонскиот пазар.



РАЗГОВОР СО АЛЕКСАНДРА ДИМИТРИЕВСКА - АВРАМОВСКА ОД ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# Компостирање на биоразградливиот отпад е најдобро еколошко и финансиско решение

**Во што се состои проектот за компостирање отпад?**

- Овој проект е многу амбициозен и пионерски и досега не бил спроведен во ниту една друга општина. Го финансираат Министерството за животна средина и општината Гази Баба. Целта е да се скенира состојбата на теренот со биоразградливиот отпад, посебно во урбаните и во руралните подрачја, а потоа да се бара соодветно решение за него, со предлог мерки што ќе бидат содржани во студијата што се изработува.

**- Како се решава овој проблем во светот?**

- Во светот постојат централни компостари, во кои се сместува биоразградливиот отпад и потоа тој се претвора во ѓубриво што може да се користи во земјоделството. Кај нас, иако градот треба да прави ваква студија, ние почнавме да ја изработуваме. Со неа ќе се утврдат сите параметри, односно капацитетот на населените места, и резултатите кои би ги добиле од комостирањето

> Општината почна пилот проект за компостирање отпад во домашни услови, така што ќе додели 20 компостерки на заинтересирани граѓани и заедно со експертски тим ќе ги следи процесите

**- Зошто е потребно на овој начин да се собира биоразградливиот отпад.**

- . Главна придобивка е што на овој начин се добива квалитетно ѓубриво. Тоа може да се користи во дворовите и во нивите. Исто така, биомасата, гранките и другите видови ваков отпад зафаќаат големи површини на депониите и се штетни, затоа што создаваат метан и стакленички гасови.

**- Како би се одвивала оваа активност?**

- Биоразградливиот отпад се собира од поширокo подрачје. Со ова не би била опфатена само општината, туку и градот. Но, граѓаните треба да имаат елементарна еколошка свест за сево ова да може да се спроведе. Тешко се прифаќа селекцијата . Затоа одржавме две работилници во Јурумлери и во Стајковци за биоразградлив отпад и за домашно компостирање.







**- Што ги советувавте граѓаните?**

- Им објаснувавме како подобро да го компостираат биоразградливиот отпад. Тие веќе применувале некои попримитивни методи, кои им давале послаби резултати. Ги советувавме да поставуваат ред зелена, ред сува материја, која потоа ќе се меша на определена температура. На тој начин за пократко време, за два до три месеци, можат да добијат квалитетно ѓубриво, кое ги подобрува својствата на почвата, постигнува поголема плодност во однос на другите ѓубрива, а не треба да се чека да согори. Исто така, ако го селектираат отпадот помалку ќе фрлаат и помалку ќе плаќаат. Планираме да доделиме 20 мини компостерки кои што ќе можат да се користат во семејни



услови, и притоа општината ќе го следи процесот и ќе дава дополнителни совети. Постои голем интерес за ова.

**- Кој ја изработува студијата за компостирањето?**

- Студијата ја израбтува консултантската куќа "Енвиројал", која е избрана преку тендер. Таа работи веќе шест месеци и за еден месец ќе ја заврши работата. Таа е многу амбициозна и би било добро да се реализира. Но, за тоа се потребни многу пари, па размислуваме да организираме донаторска конференција.

**- Може ли јавното претпријатие на општината да го врши компостирањето?**

- Ако претпријатието го прави тоа, ќе носи помалку отпад во депонијата и ќе заштеди пари. Исто така, ако се направи компостерка, парите можат да се вратат за две до три години. Секаде во светот отпадот е бизнис. Двајца од десетте најбогати луѓе во Русија се занимаваат со отпад. Затоа и кај нас мораме да ги воведеме тие трендови. На тој начин ќе ги заштедиме ресурсите. Во спротивно, нема да издржиме многу.



# АПРИЛИЈАДА
















2008

# РАЗГОВОР СО ВЕЛИКА ДИНЕВА, ДИРЕКТОР НА ОУ "ЊЕГОШ" ВО КОЛОНИЈА ИДРИЗОВО

ОУ "Његош" се наоѓа во населеното место Колонија Идризово, на територијата на Општина Гази Баба. Ова училиште постои од 1952 година. Од 1973 училиштето е доградено, со дел во кој се реализира предметна настава. Патрониот празник на училиштето е денот на раѓање на Петар Петровиќ-Његош - први ноември, а тој се одбележува со тоа што учениците на овој ден, своите знаења и вештини ги презентираат на свечена приредба пред соучениците, родителите, локалното население, претставници од Општина Гази Баба, другите училишта од Општината, гости од Министрството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, стопански субјекти од локалната средина. На свечената прослава, традиционално и претходат литературен и ликовен натпревар под мотото на патронатот, квиз натпревари на знаење, спортски меѓу-училишни натпревари. Најдобрите ученици на свечената приредба добиваат симболични награди. Сето тоа, се подготвува благодарение на ангажираноста на повеќето секции кои работат во училиштео, меѓу кои: литературно-новинарската, по англискиот јазик, млади франкофони, историската, математичка, секциите на млади географичари, хемичари и физичари. Потоа, сообраќајна секција, секцијата за противпожарна заштита и ритмичката секција. Во училиштето активно работат хор и оркестар. За тоа како работи ова училиште, кои се неговите приоритети, но и проблеми, говориме со директорот Велика Динева, која на оваа фунција е од јануари, минатата година.

**Колкав е капацитетот на ОУ "Његош" и колку ученици посетуваат во него настава?**

ОУ "Његош" има можност да прими 540 ученика во една смена. Во моментот, во училиштето настава посетуваат 682 ученика, организирани во една и половина смена. Постои можност непречено, со максимална искористеност на капацитетите, да се згрижуваат околу 800 ученика, во две комплетни смени. Во училиштето, во учебната 2007/2008 година, работат 27 паралелки.

**Колку населени места опфаќа ова училиште ?**

ОУ "Његош" опфаќа деца од пет околни населени места и тоа: Дрма, Идризово, Колонија Идризово, Јурумлери и Скопско Поле.

**Постои ли проблем околу навременото доаѓање во училиште на учениците од поодалечените населени места. Како е решен превозот?**

Учениците од околните населени места непречено доаѓааат на настава, бидејќи за нив постои организиран превоз, кој го финансира Општина Гази Баба.

**Со какви проблеми се соочува ова училиште?**

Најголем проблем на ОУ "Његош" е различниот социо-економски статус на родителите. Дел од нив не се заинтересирани за напредување во учењето и постигнување на поголеми резултати на нивните деца. Ова е особено изразено кај учениците од ромската етничка заедница, кои имаат голем број на неоправдани отсуства од настава. Еден од проблмите е и потребата од замена на стриот дел од покривот на училиштето, замена на прозорците и вратите на целото училиште, санирање на санитарните јазли, промена на котлите од системот за греење, од тврдо на течно гориво.

**Дали ова училиште им обебедува соодветни услови на учениците за нормално следење на наставата и совладување на наставното градиво?**

Во ова училиште наставата се реализира во поволни услови. Постојат добро опремени училници и кабинети.

**На каков начин училиштето ги одбележува позначајните датуми и културно-историски настани или верски празници?**

Со Годишната програма на училиштето се планирани сите значајни датуми, историски, културни, но и датумите кои се значајни за етничките заедници кои партиципираат во животот на училиштето. Традиционално се организираат Велигденска трпеза и трпеза по повод Курбан Бајрам, што е добра причина за заедничко дружење на учениците, родителите и наставниците. Деновите на екологијата се одбележуваат со интерни еко-акции: уредување на училишниот двор, холовите на училиштето, училниците. Значајно е дека ги бојосавме училишната ограда, дел од мебелот во холовите, се изработуваат предмети од рециклирана хартија, односно украсни предмети за училиштето-држачи за моливи, вазни...

Најзначајната инвестиција од Општината Гази Баба за ова училиште е негово приклучување на новиот водовод, а помогна и во бојосување на училниците и просториите, во комплетно санирање на фискултурната сала, четири училници опремени со нови клупи и столчиња, а ги опреми со плакари и просториите во кои се реализира настава за новите првачиња

**Кои проекти се спроведуваат во училиштето?**

ОУ "Његош" партиципра во проектите: активна настава, гаѓанско образование, описно оценување, професионална ориентација, ПХВ, како и модернизација на образованието. Успешната реализација на проектот за модернизација на образованието овозможи санација на дел од просторот, набавка на најпотребните нагледни средства за наставата, стручно усовршување на наставниците, а тоа е огромен поттик за осовременување и подобрување на наставата, како и унапредување на односите со родителите. Она што треба посебно да се истакне е тимската работа при реализацијата на проектите, заедништвото, помошта која си ја даваме еден на друг за постигнување на целта.

**Дали и врз ова училиште се рефлектираше со одредени проблеми процесот на децентрализацијата,**

# Општината инвестира во об

**односно потпаѓањето на основновните училишта во надлежност на општината?**

Не, напротив. Во минатото имаше некои проблеми поврзани со инвестиции за санациии на објектот и долгови за извршен превоз на ученици кон ЈСП. Со превземање на училиштата од Општина Гази Баба, ваквите проблеми се решени. При финансирањето, Општина Гази Баба води сметка за конкретните потреби на секое училиште посебно.

**На кој начин Општина Гази Баба му помага на ова училиште?**

Општината Гази Баба многу помага во осовременување на воспитно-образовниот процес во ова училиште. Најзначајната инвестиција од Општината Гази Баба за нас е приклучување на нашето училиште на новиот водовод, со што се елиминирани проблемите со водоснабдување со кои се соочувавме. Благодарение на Општината целосно се бојосаа училниците и просториите, комплетно се санираше фискултурната сала, а четири училници се опремени со нови клупи и столчиња. Исто така, Општината ги опреми со плакари и просториите во кои се реализира настава за новите првачиња.

**Со оглед на тоа дека се работи за мултиетничко училиште и средина, каква е безбедноста на учениците. Се соочувате ли со инциденти и тепачки на ученици и како тоа е решено во вашето училиште?**

Конфликтите во училиштето се вистинска реткост иако тоа е мултиетничко. Пред се се работи за вербални конфликти помеѓу учениците, кои успешно ги решаваме во соработка на одделенските наставници, стручната служба и родителите. Безбедноста на учениците е на највисоко ниво. Односите на релација ученик-ученик, односно училиште-локално население, се засноваат на взаемно почитување, соработка, помош, што во мултиетнички средини како нашата е од посебна важност за наставата. Во училиштето има вработен чувар, кој работи само во втора или третта смена, со цел да се подобри безбедноста на објектот.

**По стапување на функцијата директор, кои беа вашите приоритети?**

Моја главна преокупација беше интензивирање на тимската работа, под што подразбирам соработка на наставниците, стручната служба и родителите. Работам и настојувам да оформам високостручен наставен кадар. Тоа го правам преку состаноци на стручните активи, иновации во наставата, работилници и посета на семинари. Како директор се заложувам преку позитивни мерки-пофалба, да ја стимулирам дисциплината и да ги поттикнам учениците што повеќе да се залгаат. За таа цел е изготвен интерен Правилник за пофалби и награди на учениците. За секое тромесечје на учениците кои ги истакнува наставничкиот совет, добиваат бесплатни ужинки кои од свои средства ги обезбедува училиштето.

**Со кои освоени награди може да се пофали училиштето, со оглед на тоа дека во текот на годината се организираат натпревари по повеќе наставни предмети?**

ОУ "Његош" постојано учествува на општински, градски натпревари. Од позначајните успеси би ги издвоила: освоени први места на општински, градски и републички натпревар "Детски семафор", прво место на републичкиот натпревар "Колку го познаваме сообраќајот", прво место на градските натпревари "Сезнајковци" и прво место на градски натпревар по историја, учество и освоено 10 место на европскиот натпревар "Образовен натпревар по сообраќај" во Мадрид-Шпанија, како и трето место на натпрварот по англиски јазик организиран од колеџот "Јахја Кемал"". Успесите се должат на взаемното ангажирање на наставниците и учениците, желбата да се презентираат сопствените постигнувања, односно активната работа на секциите во рамки на слободните ученички активности.



# разовно-воспитниот процес

## ЕКИПАТА ОД ОУ „ЊЕГОШ“ ГОРДОСТ НА ОПШТИНАТА



# за безбедност во сообраќајот БРОЈ ЕДЕН ВО ДРЖАВАТА

Михаил Стојановски, Стефан Стојановски и Андриана Јанковска, ученици од основното училиште "Његош" од Колонија Идризово е најдобрата екипа во државата кога се работи за квиз натпревар во кој се тестира знаењето за безбедност во сообраќајот. На 1-ви, 2-ри и 3-ти февруари годинава, во Крушево, во организација на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата се одржа Државен квиз натпревар "Колку го познаваш сообраќајот" на кој овие ученици го освоија првото место. Дома се вратија со дипломи, златен медал и пехар, а секој од нив за покажаното знаење како награда доби и парични средства во висина од 4 илјади денари.

Оваа екипа покажа најдобро знаење во конкуренција на уште седум екипи од вкупно осум региони во државата. Михаил е ученик во петто одделение, една година постариот Стефан и Адриана, ученичка од седмо одделение во ОУ Његош, ја претставуваа екипата на ГС БСП од скопскиот регион. На овој натпревар екипата го потврди првото место од минатогодишниот државен натпревар, одржан во Охрид, покажувајќи одлични познавања од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Инаку, тричлената екипа за натпревар се подготвуваше под раководство на наставникот по техничко образование Небојша Мукоски, кој се погрижи учениците да се здобијат со потребните знаења. Според организаторот, РС БСП, ова е прв натпревар каде учениците ги покажаа своите теоретски познавања од областа на безбедност во патниот сообраќај, додека во мај секоја година се организира покрај теоретските натпревари и вешто управување со велосипед. Учениците од "Његош" од второпласираните беа подобри за цели седум поени, а нивниот успех, велат надлежните, е истовремено и успех на Општината која го подржа овој натпревар. Во овој состав екипата како што дознаваме веќе трета година по ред е најдобра во општината. Колку е големо значењето на овие натпревари покажува и податокот дека оваа година е јубилејна, 40 години од организирање на овие натпревари.





ИНТЕРВЈУ СО ЕМИЛИЈА КИПРОВСКА, СЕКТОР ЗА КУЛТУРА





Многу од манифестациите се одржуваат во импровизирани простории или на отворено. Доколку би се нашол инвеститор или донација за обновување на постоечките културни домови и културниот живот во општината би бил многу побогат

# Програма имаме, ни недостасува простор

**Општина Гази Баба и годинава има подготвено програма за реализација на повеќе културни настани. Некои од нив се веќе традиција. Кои проекти би ги издвоиле?**

Повеќето културни манифестации и проекти што ги реализираме ни се поврзани со основните училиштата, кои се под надлежност на Општината. Можеме да издвоиме некои манифестации кои станаа традиционални, како што се: одбележувањето на денот на пролетта, денот на планетата Земја и други, во кои учествуваат ученици од сите 11 училишта во општината. Препознатлива за општината е и културната манифестација "Виниче" кој се одржува во дворот на Црквата во истоименото село. Дел од овој културен настан кој годинава ќе се одржи по трет пат, не се само членови на ликовните секции, туку и мандолински оркестри, хорови и фолклорни друштва. Овој настан би сакале да го направиме помасовен и да вклучиме ученици од сите скопски општини, како и деца од збратимените општини од други држави. Традиционална манифестација е и априлијадата, на која покрај забавниот дел, со свои маски учествуваат дечиња од градинките и ученици од основните училишта од Општината. Секоја година се организира и новогодишна претстава за дечиња од градинките и ученици од основните училишта. Општината исто така организира одбележување на значајни настани за општината...

**Дали Општината има соодветен простор каде што се одржуваат културните манифестации, со оглед дека годинава се најавени и нови настани од областа на културата?**

Обезбедувањето на соодветен простор е голем проблем за Општината. На пример, ликовните манифестации обично ги одржуваме на отворено во парковите, а изложбите во ОУ "Дане Крапчев", каде имаме повеќе услови. На наша територија има два културни дома, кои се речиси целосно руинирани и неупотребливи за било каков културен настан. Во посебно лоша состојба е културниот дом во Ченто. Во културниот дом во Автокоманда, иако условите се лоши, работи театар Чекори. Во овој Дом пробите ги одржуваше и КУД "Јонче Христовски", но поради веќе споменатите услови веќе не ги користат просториите. Од Градот Скопје, во чија надлежност се сега Домовите на културата, добивме Одлука во која, Домовите ни се отстапуваат на користење на 10 години, но сметаме дека ова е прекраток период за да можеме да најдеме инвеститор кој би ги санирал и би инвестирал во нив, а потоа и би ги користел. Затоа, Советот на општина Гази Баба побара од Советот на Град Скопје да ја промени Одлуката и истите да ни бидат отстапени на 30 години. Досега од Градот се уште немаме одговор.

**Каква е вашата соработка со институциите при реализација на зацртаните проекти?**

Досега имавме одлична соработка со училиштата и градинките, бидејќи како што реков проектите главно се реализираат во соработка со овие образовни установи. За неколку проекти имаме и поддршка од Министерството за култура. Така на пример, во Програмата на Министерство за култура за 2008 год. е влезена манифестацијата "Виниче", како и Проектот за локалитетот Тумба Маџари, кое е археолошко наоѓалиште од време на неолитот. Локалитетот Тумба Маџари е значаен за развој на туризмот во Општината. На ова место планираме изградба на неколку куќички и пропратни објекти, кои би го доловиле времето на неолитот. По нивната изградба планираме овој локалитет да биде дел од програмата за посета на училиштата и дел од туристичката понуда на Град Скопје. Овде планираме да се одржуваат и бројни културни манифестации. За сите активности имаме несебична поддршка и од членовите на Советот, со оглед дека во редовите на советот имаме актери и културни работници.

**Годинава ќе започнат и некои нови културни манифестации кои ќе се одржат за прв пат. За што се работи?**

Во програмата се издвоени и средства за манифестацијата "Денови на културата". Се работи за манифестација која би траела во период од мај до јули и која би имала повеќе содржини привлечни за граѓаните. Иако самата програма сеуште не е заокружена, планираме да одржиме културни настани за сите возрасти и на неколку локации. Планираме со пригодна културна програма да го одбележиме денот на смртта на М А Ченто и денот на раѓањето на трагично загинатиот претседател на Македонија, Борис Трајковски. Дел од "Деновите на култура" би било и одржување на ликовна изложба со реномирани сликари кои живеат и творат на територија на општината, вечер со културно уметнички друштва, забава со забавна музика, претстава од театарот "Чекори" и друго. Повторно ќе напоменам, единствен проблем е да се обезбеди соодветен простор и затоа сеуште ги разгледуваме можностите и ја адаптираме Програмата спрема местата каде истата ќе се реализира.

**Општината во својот буџет има издвоено одредени средства. Што уште се прави со цел да се збогатат културните случувања во Општината?**

Иако со деценраизацијата не ни се пренесени надлежностите од областа на културата, сепак, во буџетот имаме издвоени средства колку што е реално можно. Со симболични финансиски средства ги помагаме културно уметничките друштва кои егзистираат на нашата територија, како што се КУД "Јонче Христовски", "Раштак" и "Емин Дураку", како и подмладок на КУД "Кочо Рацин" и "Скопје". Исто така, општината соработува и колку што може помага во реализација на активностите на театарот "Чекори". Сите тие се составен дел од повеќе манифестации кои се одржуваат во општината.

**Како се справувате со финансиските средства и дали сметате дека е неопходна помош и од другите институции?**

Факт е дека се потребни многу повеќе финансиски средства, со кои и бројот и квалитетот на манифестациите би се збогатил. Бараме начини да издвоиме максимум средства од буџетот за оваа намена. Најголем проблем, сепак останува просторот кој ни е неопходен за реализација на зацртаните проекти. Доколку се обезбедат донации или се појават финансиери кои би ги обновиле Културните домови, бројот на културните настани кои би можеле да се одржат во општината би бил далеку поголем.

### ОПШТИНСКАТА ИНСПЕКЦИЈА ЗАПОЧНА СО ИЗРЕКУВАЊЕ НА МАНДАТНИ КАЗНИ

# Внимавајте, за фрлен отпад и до 200 евра глоба

**Инспекторите деновиве ја напишаа и првата мандатна казна на двајца граѓани кои во месноста Вардариште, палеле кабли. Тие ќе треба да платат по 150 евра за своето несовесно однесување. Комуналната инспекција ќе казнува и за фрлање отпушоци, испуштање на масло од возило и фрлање на отпад на јавни површини, а казните се од 30 до 200 евра**

Комуналната инспекција на Општина Гази Баба деновиве ги изрече и првите две мандатни казни за несовесно однесување на граѓаните и нарушување на комуналниот ред. На двајца граѓани им е изречена парична казна од 150 евра за недозволено горење на отпад во урбана средина. Тие се фатени како палат кабли од новогодишни укрсни сијалици во месноста Вардариште УЗ "Кирил Петрушевски". Густиот црн чад им го привлекол вниманието на комуналните инспектори, кои биле во редовна контрола на теренот.

- Од 15 март почнавме со спроведување на Законот за управување со отпад, кој на општинските комунални инспектори им овозможува изрекување на мандатни казни на самото место. Согласно законските прописи, имаме надлежности и во казнување на сторителите кои ќе фрлат отпушок на јавна површина, за што казна е 30 евра, но и за фрлање на отпад, ќеси, хартија, истурање на масло од возилото, или било која друга постапка со која се нарушува комунален ред во општината односно се загадува јавната површина, вели Трајан Петровски, комунален инспектор во Општината Гази Баба.

Тој потенцира дека доколку сторителите, го платат платниот налог во рок од осум дена од денот на приемот, ќе дадат само половина од висината на глобата. Во спротивно комуналниот инспектор е должен против нив да поднесе барање за поведување прекршочна постапка до прекршочната комисија при Министерството за животна средина и просторно планирање, при што несовесниот граѓанин ќе мора да плати дополнителни трошоци, како и целиот износ на казната.

- Овие казни со оглед на животниот стандард на нашиот граѓанин се големи. Затоа апелираме до жителите на Општина Гази Баба, да се придржуваат на комуналниот ред, за да не бидат доведени во ситуација да плаќаат прекршочни казни, кои според најновите измени и дополнувања на Законот за управување со отпад се прилично високи. Од друга страна сметаме дека единствено на овој начин може да се смени менталитетот на граѓаните, за тие конечно да сфтатат дека за сите е подобро да живеат во чиста животна средина. Она што ќе биде наш приоритет е и да спречиме создавање на депонии во општината. На територија на Општина Гази Баба има 15 рурални населени места. Засега таму не казнуваме бидејќи сеуште не функционира општинското комунално претпријатие кое ќе овозможи секојдневно собирање и отстранување на сметот. Но, се надевам дека тоа ќе се поправи наскоро, штом активно ќе почне да работи нашето претпријатие, истакна Петровски.

Што се однесува до урбаниот дел на Општината, со помош на јавното претпријатие "Комунална хигиена", Општината Гази Баба редовно превзема акции за расчистување на мини депониите. Тој потенцира дека општината веќе подготвува голема пролетна акција за генерално чистење која ја спроведува трета година по ред. Веќе течат преговорите со "Комунална хигиена", а во наредните денови е закажан состанок за да се утврди оперативниот план и динамиката на одвивање на акцијата. Од друга страна до Градот е испратено и барање за расчистување на кејот на реката Вардар, но сеуште се чека одговор.

Според Петровски, пролетната акција би опфатила генерално чистење на мини депонии, отсранување на контејнерите, замена на нивните тркалца, нивно бојосување, генерално чистење на улиците и покрај ивичниците, како и поставување на наменски контејнери за отстранување на стари неупотребливи предмети од домаќинствата. Веќе трета година по ред ќе се спроведе и есенска акција за генерално чистење. Во моментов се расчистува и земја и градежен шут во месноста Вардариште, на потегот од рампата кај Маџари кон Кванташкиот пазар, по улицата Вера Радосављевиќ, покрај пругата. Се работи за околу 600 метри. Инаку, ова е дел од активностите кои Општина Гази Баба ги спроведува со помош на фирмите кои се наоѓаат на нејзината територија, а кои на ваков начин даваат придонес во уредување и одржување на хигиената во општината.



ОТВОРЕНИОТ ПСМ ИНКУБАТОР ВО АВТОКОМАНДА

# Решение за успешен старт на сопствен бизнис

Следејќи ги светските трендови, во Општина Гази Баба се отвори првиот ИКТ бизнис инкубатор, ПСМ инкубаторот, во населбата Автокоманда. Инкубаторот е организација која ги поддржува оние фирми кои сакаат да започнат сопствен бизнис. Тие остануваат во него се додека бизнисот не зајакне, за да бидат способни самите да се соочат со суровиот пазар. ПСМ инкубаторот што се наоѓа во населбата Автокоманда, располага со 600 $м^2$, 21 канцеларија, бесплатен паркинг простор, кујна, конференциски сали и друга потребна опрема. Во него фирмите-станари добиваат обуки за претпиремништво, маркетинг, однос со клиенти и сл. Бидејќи, бизнис и не може да се започне доколку ти стојат на располагање само простории, туку, посебно, на младите луѓе им е потребно и знаење како да го водат понатаму. Започнувајќи од 15 Март, на прединкибациските и на станарите фирми им е достапен и грант фондот. Но, доколку овие средства не се доволни, инкубаторот им овозможува на фирмите-станари и кредитна линија за поголеми инвестиции во развој на бизнисот. Голем дел од фирмите во инкубаторот имаат позитивно искуство и се задоволни од она што можат да го стекнат и што им се нуди во него. Според "Глобал нет", голема предност е да се биде на место каде што постојат повеке сродни компании. -Тоа отвори можност за консултации околу проблеми, размена на искуства, а во еден дел конкуренција и мал натпревар, велат од "Глобал нет". - Гледаме моќ во мрежата на контакти и аутсорсингот, пред се, заради побрз развој на нашиот нов бизнис. Оттаму привлечна беше понудата на ПСМ, со сите свои елементи: простор, сервис, вмрежување..., потенцираат од фирмата "Презент". За "Едит дизајн", присуството во бизнис инкубаторот е од голема помош поради намалените месечни трошоци, искусните менаџерски совети, зголемениот број на потенцијални клиенти и правилното насочување.

-Инкубаторот обезбедува се што и е потребно на една нова компанија во развој, почнувајќи од режиски трошоци, интернет, па се до воспоставување на бизнис контакти, организација на обуки и сл, сметаат од "Линк солутионс"

Од фирмата "Иновејшн" сметаат дека ПСМ Инкубаторот придонесува за развојот на претприемачкиот дух меѓу младите во Македонија. - Меѓу нив и ние имаме чест да ги користиме поволностите кои ни се нудат за креирање и развој на нашата идеја., оценуваат од "Иновејшн".Се што треба да се направи доколку сакате и вие да бидете дел од ПСМ Инкубаторот е да аплицирате на www.yesincubator.org.mk. А се што му е потребно на секој млад човек кој сака да направи свој сопствен ИТ бизнис е канцеларија, компјутер (вклучувајќи и интернет се разбира), телефон, поддршка, мрежа на бизниси од тој сектор... Токму сето тоа му се нуди во ПСМ Инкубаторот во населбата Автокоманда. Иако, започнувањето на сопствен бизнис се чини дека не е голема инвестиција, изработката на бизнис планот, покажува дека е сосема спротивното. Месечните сметки, стануваат се поголеми, контактите тешко се добиваат, а најлошо од се е што ќе нема со кого да се споделат проблемите. Сите сонуваат еден ден да станат успешни бизнисмени со свои компаниии како Гоогле момците, но тоа нема да можат да го достигнат доколку сами не се обидат.

Многу е полесно да се биде вработен во некоја компанија, но што станува кога ќе се свртиш наназад по половина работен век? Зарем целиот живот треба да се помине в канцеларија чекајќи ја месечната плата? Се разбира многу е потешко да имаш сопствен бизнис, но задоволството дека тоа е само твоја креација е неизмерно. Сепак е потребна поддршка, а за успешен старт ваквите бизниси лекот е токму ПСМ Инкубатор што се нуди во Општината Гази Баба.



Инкубаторот е организација која ги поддржува оние фирми кои сакаат да започнат сопствен бизнис. Тие остануваат во него се додека бизнисот не зајакне, за да бидат способни самите да се соочат со суровиот пазар

ПРОМОТИВЕН НАСТАН ОУ „ДАНЕ КРАПЧЕВ“

# Тутунска банка ги учи децата на штедење

Преку изложба на цртежи и читање на литературни творби, учениците од сите основните училишта на територијата на Општина Гази Баба заедно учеа како да штедат за пензија. Овие активности беа дел од промотивниот настан за подигање на јавната свест во однос на пензиското штедење, што се одржа на осми февруари годинава, во ОУ "Дане Крапчев", во населбата "Методија Андонов Ченто". Во овој настан кој беше дел од кампањата на Нов Пензински Фонд АД Скопје, зедоа учество учениците од прво до четврто одделение.

Најдобрите три ликовни и литературни творби беа наградени со симболични парични награди, преку отворање на детска штедна книшка во НЛБ Тутунска банка.

Првата награда за ликовна творба, во износ од 3.000 денари ја доби Спасена Јовчевска од 4 б одделение, во ОУ "Наум Охридски", втората во износ од 2.000 денари Теодора Атанасова, ученичка во 2 б одделение, од ОУ "Глигор Прличев" и третата, во износ од 1.000 денари му припадна на Ѓоко Цветковски , ученик во 3 1 одделение, од ОУ. "Дане Крапчев.

Мила Љубенова, 3а одделение, во ОУ "Крсте Петков Мисирков", пак ја доби првата награда во износ од 3.000 денари за литературна творба. Втората награда во износ од 2.000 денари, ја доби Мартина Стојановска во 2 в одделение од ОУ. "Наум Наумовски Борче", додека третата награда за литературна творба, во износ од 1.000 денари ја доби Давид Митрески од 4в одделение, во ОУ. "Стив Наумов"

За присутните ученици НЛБ Тутунска банка обезбеди комплети (шал, капа и ракавици), со натпис НЛБ нов пензиски фонд... мојата иднина.

Сегашната поставеност на работите го фаворизираат централното градско подрачје а периферните општини се чувствуваат запоставени во однос на хигиената и хортикултурните решенија. Колку време е потребно урбаната заедница да добие десетина клупи за одмор? Колку време е потребно да се исечат старите дрвја? Општа констатација, соработката со јавните претпијатија е незадоволителна

**ИНТЕРВЈУ СО СТОИЛЕ СТОЈКОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА МАЏАРИ ТРИАНГЛА**



# Општините мора да имаат свои комунални претпријатија

**Господине Стојков, како претседател на советот на УЗ Маџари Триангла, посочете ги вашите моментални активности кои се од општ интерес за граѓаните.**

Најнапред би сакал да изразам голема благодарност до градоначалникот на општината Гази Баба, господинот Коце Трајановски, кој имајќи политички сенс и спроведувајќи ги залагањата на Владата на господинот Груевски за децентрализација, спроведе своевидна децентрализација на локално ниво со тоа што мегу првите, заедно со Советот на општина Гази Баба ги возобнови советите на Урбаните и Месните заедници, приближувајќи ги органите на локалната самоуправа непосредно до граганите. Во моментов советот на У.З.Маџари Триангла е преокупиран со евидентирањето на потребите на граганите, нивно презентирање пред градоначалникот, службите во локалната самоуправа и јавните комунални претпријатија. Урбаната заедница Маџари Триангла постои повеке од 40 години и при нејзиното урбанизирање,сите претходни општински раковотства не воделе сметка за основните потреби на граганите за нормално живеење. Така во нашата Урбана заедница во која живеат повеке од пет илјади грагани, нема пазар, месарница, аптека, мини трговски центар. Конечно, по 40 години благодарејки и на приватната иницијатива, се отвори здравствена амбуланта.

**Кои се најчестите проблеми со кои се соочуваат граѓаните во Урбаната заедница?**

- Ќе повторам дека при поголеми врнежи од дожд, на поедини локации се создаваат вистински мали езерца и водата се излева во подрумските простории на граѓаните. Отстранување на старите дрвја од јавните површини кои претставуваат потенцијална опасност за граѓаните и нивните станови ни претставуваат проблеми кои не можеме да ги разрешиме, затоа што тоа е во надлежност на ЈП Паркови и зеленило од каде ни одговорија дека имаат само едно соодветно возило за целиот град. Граѓаните преку сметките за водовод и комунална хигиена плаќаат одреден процент кој се слева во касата на ова јавно претпријатие и ваквото оправдување воопшто не го прифакаат. Просториите за УЗ се повеке од неопходни, затоа што секретарот на УЗ работното време би го поминувал во нив, со што би им бил достапен на граѓаните и нивните потреби.

**Каква е соработката помегу градоначалникот, господин Коце Трајановски и советот на вашата урбана заедница?**

- Соработката е повеке од одлична, градоначалникот има потполно разбирање за проблемите со кои се соочуват граѓаните од нашата урбана заедница. Би напоменал дека господинот Коце Трајановски преземајки ја функцијата градоначалник на Гази Баба, не ни претпоставувал колку е таа задолжена. Луѓето што не го знаат начинот на работење на градоначалникот, сигурно очекувале и тој да се задолжува, но за три години од неговиот мандат долговите на општината се вратени, така да сега средствата што се слеваат во општинската каса ќе можат да се искористат за реализација на предвидените проекти. Како пример за добра соработка со градоначалникот би го спомнал случајот со обезбедување на донаторски средства за покривање на дел од трошоците за изградба на топловодот ( парно греење ) за трите урбани заедници, Маџари 1, Триангла и Хиподром.

**Каква е соработката со јавните претпријатија?**

- Да бидам искрен, јас сум подржувач на идејата за децентрализација на јавните претпријатија "Комунална хигиена" и " Паркови и зеленило". Единствено мислам дека ЈП " Водовод и Канализација" и " Дрисла" треба да останат под капата на Градското собрание. Секоја општина на ниво на град Скопје би требало, заради функционално исполнување на задачите, да има сопствено комунално претпријатие. Сегашната поставеност на работите го фаворизираат централното градско подрачје а периферните општини се чувствуваат запоставени во однос на хигиената и хортикултурните решенија. Колку време е потребно урбаната заедница да добие десетина клупи за одмор? Колку време е потребно да се исечат старите дрвја? Општа констатација, соработката со јавните претпијатија е незадоволителна.

**Според вас кои се приоритетите за подобро живеење на граѓаните во урбаната заедница?**

Приоритети се: Асфалтирање на дел од улицата Карл Либкнехт од бр. 6 до бр. 32 со претходно решавање на топловодот ( парно греење ), асфалтирање на еден крак од улиците Франц Лист и Темко Попов. Хортикултурното уредување на површината на улицата Модест Мусоргски спрема автопатот. Изградба на Црковен Православен Храм со доброволни средства од граѓаните, донации од стопанските субјекти и помош од локалната самоуправа. Поплочување на тротоарите. Чистење на слепите шахти во целата населба. Зголемување на моќноста на трафостаниците. На крајот би сакал да ги пофалам одговорните за уличното осветлување, за навременото отстранување на дефектите и замена на прегорените сијалици.




Градоначалникот на Гази Баба не спаси од фекалиите кои се излеваа од недоизградената канализација во Инџиково и најде привремено решение, инаку ќе требаше да се иселиме од селото. Благодарение на него, Владата одвои еден милион евра за доизградба на фекалната канализација за која градежните работи веќе се во тек

# Доизградбата на фекалната канализација ќе го подобри животот во Инџиково

**Вие сте претседател на Месната заедница Питу Гули која што е дел од населеното место Инџиково, би сакал да ми кажете една кратка лична карта на вашата месна заедница или поточно на Инџиково и како работите вие како претседател и како работи Советот на МЗ?**

- Ние како Месна заедница се свикуваме два до три пати месечно, како Одбор на Месната зедница и донесуваме одлуки да ги увидиме проблемите на граѓаните од населеното место Инџиково. Но, Иџиково има и убави работи, нема само проблеми. Тое е едно од најубавите места во скопската котлина. Најблиску е до Градот, на само седум километри. Живее претежно младо население, па ние имеме преку 600 деца во населбата а во нив е иднината. Но, најголем проблем во Инџиково е фекалната канализација.

**Да се префрлиме на инфраструктурата во Инџиково, сообраќајната, патната, проблемите ако ги имате со Јавното сообраќајно претпријатие кои се тие и како ги решавате тие проблеми?**

- Инџиково има 1200 куќи. Имавме проблем со градскиот сообраќај но тоа го решивме со помош на Општина Гази Баба, ни пуштија автобус, сега имаме и други барања за автобус. Четириесет отсто од патот е направен и пак ќе кажам Инџиково е убаво место за живеење. Каналите ги чиствеме лани, тука се работи малку и до свеста на граѓаните, се фрла смет насекаде, има и приватни претпријатија кои прават диви депонии и ѓубрето го фрлаат во каналите. Од општината има комунален инспектор, кој многу ни е од помош, секогаш е со нас и заедно ги решаваме сите проблеми.

**Кои се најголемите проблеми на Инџиково?**

- Најголемиот проблем е фекалната канализација. Но за тоа не е виновна Општината, туку Градот.

**Ајде нешто повеќе за тоа, како е настанат проблемот со фекалната канализација?**

Пред избори тогашниот скопски градоначалник Ристо Пенов, пред пет години реши да ја прави фекалната канализација во Инџиково. Но наместо да се почне од Вардар до Синѓелиќ, таа е почната обратно и завршува во Инџиково. Ние имавме проект да си направиме сопствена канализација. За тој проект дадовме тогашни 120 илјади марки и со нашите проекти донесовме цевки, Пенов дојде, еден дел го направи Водовод а другиот од автопат до Вардар требаше да го прави Пелагонија, но не излажаа, ги оставија цевките и си заминаа. И од Сингелиќ се приклучија 450 куки на фекалната канализација. Но градоначалникот на Гази Баба најде привремено решение и не спаси од фелкалиите, инаку ќе требаше да се иселиме од селото.

**Освен за фекалната, на што најмногу се жалат жителите на Инџиково и кои поплаки стигнуваат до Месната заедница?**

- Бараат патиштата да се асфалтираат, но мора да се чека да се направи фекалната канализација па потоа да се асфалтираат улиците. Инаку дрго неможе и да се направат сега, утре треба пак да се раскопуваат, три пати треба да се работи иста работа.

**Имаат ли жителите на Питу Гули и други проблеми?**

- Се жалат оти нема вработувања. Но ние не сме тие кои може да ги вработиме. Државата си има свој систем.

**Каква е вашата соработка со Општината, конкретно со градоначалникот Коце Трајановски?**

- Одлична соработка имаме и со службите и со градоначалникот. Им благодарам од името на сите жители. Не спасија од фекалии.

**Со градоначалникот сте имале повеќе средби. Како поминаа и кое е залагањето на градоначалникот во врска со решавањето на проблемот со фекалната канализација?**

- Градоначалникот Трајановски не однесе кај скопскиот градоначалник Трифун Костовски инаку тој не сакаше да не прими. Имавме барање до Градско собрание до Водовод да ни ги реши проблемите со фекалната. Јавното претпријатие вика Градот е надлежен, Градот, пак, вели Водовод е, само си ја префрлаа одговорноста. На иницијатива на градоначалникот Трајановски, Владата одвои еден милион евра за фекалната. Се надевам дека овојпат конечно ќе се реши проблемот и наскоро ќе почне доизградбата на фекалната канализација.

**Која е иднината на Месната заедница Инџиково?**

- Се купуваат плацеви и има интерес да се градат нови фабрики. Има перспектива во Инџиково, па со тоа ќе се отворат многу работни места. Ќе биде благодет за живеење во Инџиково. Идејата моја е сакам Питу Гули да биде најчисто место за живеење, да има парк за дечињата, Културен Дом. Важно ми е да има мир, здравје и убав живот во населбата.

# Гази Баба има потенцијал за

**Како ја оценувате досегашната работа на Советот на Општина Гази Баба?**

Како советник од редовите на СДСМ и како координатор на советничкатата група ,можам да дадам оценка пред се за мојата активност и активноста на нашата советничка група. Во изминатиов период покажавме голема иницијативност, принципиелност , а кога требаше и конструктивност, но не секогаш имавме соодветен соговорник. Комоцијата што ја има мнозинството предводено од ВМРО ДПМНЕ во Советот, можеби и допринесе да се намали употребната вредност на Советот и советниците, зошто во изминатиов период многу често дискусиите се сведуваа на спротивставување на мо-



беше донесувањето на Урабнистичкиот план за Факултетот ФОН, или формирањето на ЈКП Гази Баба 2007, или околу донесувањето на прогамите за работа за тековните години, прогармите за уредување на градежното земјиште. Да не ги споменувам седниците кога се донесуваат Буџетите, тука сме редовно на различни или спротивставени ставови. Но секогаш се трудам да и во нападите го задржам односот на културно спротивставување, кое што нема да ја премине границата на пристојност. Сепак мислам дека во тој дел со Господинот Коце Трајановски , сме имале коректен однос, како од моја така и од негова страна и тоа е она што лично го прифаќам. Мислам дека без разлика на мојата позиција или позици-

Во Гази Баба се уште има населени места кои се без водоводна мрежа, без канализација, населби кои што не се урбанизирани, неасвалтирани улици, проблеми со сообраќајот. Се трудиме од сите тие работи да се поставаат приоритетите, за да може една по една работите да се завршуваат. Ние затоа и сме избрани, да помогнеме во решавање на проблемите на граѓаните од Општина Гази Баба

ите и нашите аргументи со аргументите на градоначалникот, додека добар дел од колегите советници од мнозинството беа неми посматрачи. Со тоа не сакам никого да навредам, но мислам дека Советот можеше и мораше подобро. Сепак, ако се спореди што направил овој Совет во однос на претходните состави и кои се одлуки поминале во овој Совет, како и тежината на тие одлуки, може да се каже дека има еден квалитативен напредок.

**Колку Вие како член сте вклучени во работата на Советот, работите ли во некоја комисија?**

При самото конституирање на Советот, водејќи се од реалноста за нашата позиција како советничка група, јас како координатор се залагав за рамноправно учество на сите колеги советници во работните тела и комисиите при Советот. На тој начин и јас партиципирам во две комисии, и тоа како член во комисијата за мандатни прашања и како претседател на комисијата за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина.

**Каква е Вашата соработка со Градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски?**

Јас сум еден од постојаните критичари на Градоначалникот и секогаш ќе бидам кога некои работи според мене не се во ред. Освен политички, со Градоначалникот Трајановски се разликуваме и концептулано, и нормално е да имаме различни ставови и мислења по одредени страшки прашања , како што да речеме



ГОРАНЧО ПАУНОВ,
СОВЕТНИК ВО ГАЗИ БАБА

# модерна општина

јата на било кој советник од Советот, треба да се има респект и елементарна почит спрема институцијата Градоначалник. Имало и ситуации кога сум сметал дека потезите се во ред, а водејќи се од начелото дека ние донесуваме одлуки за комунални проблеми кои пак не би требало да имаат партиска боја, не сум имал никакви предрасуди и сум ги поддржувал и јас и мојата советничка група од СДСМ. Тоа не сметам дека е грев, зошто сме донеле заеднички одлуки за општо добро на граѓаните.

**На што најчесто се жалат жителите на Гази Баба? Им помагате ли во решавањето на нивните проблеми, ги слушате ли нивните поплаки, Вие како советник реагирате ли иницијативно до Советот?**

Па за разлика од другите Општини во Градот Скопје, во општина Гази Баба граѓаните и имаат на што да се пожалат. Реков и претходно, овде има многу наталожени проблеми кои мора побрзо да се решаваат .Во Гази Баба се уште има населени места кои се без водоводна мрежа, без канализација, населби кои што не се урбанизирани, неасвалтирани улици, проблеми со сообраќајот и да не набројувам...

Се трудам од сите тие работи да се постават приоритетите, за да може една по една работите да се завршуваат. Ние затоа и сме избрани, да помогнеме во решавање на проблемите на граѓаните од Општина Гази Баба. Но треба да се биде и реален, колку и да се има добра волја, колку и да сум иницијативен, а се трудам секогаш да бидам пред се добар слушател во проблемите на граѓаните, сепак моќта на одлучување ја има Градоначалникот и советниците од мнозинството предводено од ВМРО ДПМНЕ.

**Според Вас кои се приоритетите за Гази Баба да стане модерна Општина? Ваша визија за Општината во иднина.**

Гази Баба мора да го заврши процесот на урбанизација пред се. Не може да се зборува за модерна општина, а сеуште да имате населени места без водоводна мрежа и канализација. Црешево, Булачани, Стајковци, Сингелиќ, Инџиково, Јурумлери, Трубарево...,и тоа е Гази Баба.Треба таму да се створат подобри услови за живеење .Паралелно треба да се работи на модернизација на таканаречениот урбан дел на Гази Баба. Влегувањето на Скопски саем како инвестиција е за поздравување и многу ќе допринесе за развојот на Општината, но мора да створиме услови уште многу инвеститори да влезат преку свои инвестиции во Гази Баба. Тоа е шансата на Гази Баба да успее. Можеби ќе звучи чудно, но мислам дека Гази Баба има страшен потенцијал за развој. До сега само вербално бевме најразвиената и најбогатата Општина во Македонија и Скопје, имајќи во предвид кој стопански потенцијал е сконцентриран во Гази Баба. Но треба и практично да биде така. Општина Гази Баба е Македонија во мало, мултиетничка, мулти културна, мултинационална, а сепак не е развиена, не е модерна , не е привлечна. Јас сепак ќе кажам дека на Гази Баба и претстои поубава иднина. Ја гледам Гази Баба како модерна општина.



**Членови на Советот на општина Гази Баба**

| | |
|---|---|
| Кире Бузлиев претседател на Советот | (ЛП) |
| Ратко Илиевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Борис Јосифовски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Марјан Крстевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Елизабета Спасовска | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Тони Трајковски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Вукашин Стојанов | (ЛП) |
| Аница Пупиноска | (СПМ) |
| Дејан Наумовски | (ДС) |
| Благојче Трпковски | (независен) |
| Слободан Лаковски | (ТМРО) |
| Ељфет Исмаили | (ДПА) |
| Хајредин Сулис | (ПДП) |
| Хамзи Исени | (НДП) |
| Живко Зафировски | (ВМРО-НП) |
| Зоран Јовевски | (ВМРО-НП) |
| Соња Каранџулоска | (независен - поддржана од ВМРО-НП) |
| Зоран Коцевски | (ВМРО-НП) |
| Кирил Псалтиров | (ВМРО-МАК) |
| Јасминка Георгиева | (СДСМ) |
| Радмила Кирковска | (СДСМ) |
| Горанчо Паунов | (СДСМ) |
| Миодраг Станојевиќ | (НСДП) |
| Орде Стефков | (СДСМ) |
| Зоран Стојанов | (ЛДП) |
| Ерхан Али | (НА) |
| Џемаил Хамити | (НА) |

# НОВА ЕЛИТНА НАСЕЛБА ВО ХИПОДРОМ



Нова елитна населба за околу 5000 жители ќе никне на просторот на Хиподром во Општината Гази Баба. Според Деталниот урбанистички план за Маџари - Хиподром, кој беше донесен на седницата на Советот на Општина Гази Баба. Главна функција во населбата ќе биде семејно домување во станбени куќи и во згради. Планот опфаќа површина од 35,93 хектари, на која е предвидена изградба на 11 станбени згради за 1.456 жители и 324 стенбени куќи за 3.564 жители.

Станбените куќи се предвидени како самостојни, двокуќи и во низа, додека станбените згради се повеќекатни, со повеќе од три станови. Во дел од овие згради се предвидуваат мали комерцијални и деловни единици.

Освен домување, со планот се предвидува основно училиште со капацитет да прими 580 ученика. Површината на градежна парцела изнесува 1,05 хектари додека површината за градење е 2.450 метри квадратни, површина за градење. Исто така е планирана и изградба на градинка за 190 деца, на возраст од 0 до 6 години, потоа уште една социјална установа, како и црква со градежна парцела од 1,918 хектари и површина за градење од 345 метри квадратни. Црквата ќе биде поврзана со пешачки патеки и плоштад каде е предвидена изградба на фонтана и место за споменик.

Во рамките пак, на локалниот трговски центар предвиден со планот, со површина на градежна парцела од 0,23 хектари и со изградена површина од 1.920 метри квадратни се предвидуваат мали комерцијални и деловни објекти, но и големи трговски единици. На советничко прашање зошто толкава населба со околу 5.000 жители нема пазар, Душанка Атанасоваска, архитект во Општината Гази Баба, одговори дека зелениот пазар ќе биде сместен во приземјето на локалниот центар.

На влезот во населбата, од западната страна е планирана зоната на сервиси.

Во рамките на проектот се предвидуваат и неколку вида на зеленило: заштитно, околу улицата Пролетна офанзива и автопатот за заштита на населбата од бучава и

# Куќи и станбени згради





аерозагадување, линеарно и парковско.

Паркирање на возила се предвидува во рамките на секоја градежна парцела поодделно, а во централниот дел на локалитетот ќе биде изграден еден јавен паркинг простор.

Населбата ќе ја опслужува јавен градски превоз на патници преку линија чии траси водат по улицата Никола Киров-Мајски" и улицата 1, на кои се предвидени автобуски стојалишта.

Најголем дел од територијата која ја зафаќа овој ДУП, а која се граничи на север со осовината на автопатот Е-75, на исток со осовината на улицата Пролетна Офанзива и на југ со осовината на улицата 1 е земјоделско земјиште во сопственост на ЗИК Трубарево кое треба да премине во градежно неизградено земјиште. А потребно е да се изврши и денационализација на два хектари земјиште.

Конкретни активности за реализација на овој ДУП ќе има од есен, до кога и треба да се решат имотно-правните односи во овој дел.

- Ние наназад повеќе од шест месеци работиме на расчистување на имотно-правните односи да може да започне со градба. Веќе и од Министерството за земјоделство и водостопанство има и конкретни предлози. По усвојување на ДУП ние ќе ги интензивираме нашите активности на дорасчистување на имотните односи. Со ова практично, му помагаме на Министерството за транспорт и врски, бидејќи земјиштето е државно. Кога ќе бидат расчитени имотно - правите односи, Министерството за транспорт и врски ќе треба да распише тендер, изјави градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски.

Тој потенцираше дека приоритет при започнување на реализацијата на овој ДУП ќе биде изградбата на приклучокот на автопатот.

- Доколку не го реализираме тоа, улицата Благоја Стефковски, толку ќе биде преоптоварена што ќе биде непропусна. Приклучокот е предвиден со овој ДУП и ние ќе го ставиме во најголемите приоритети, истакна Трајановски и додаде дека Општината нема сили самата да го изведе тоа, но се надева на помош од Градот и на

# за околу 5.000 жители



Освен домување со Деталниот урбанистички план за Маџари -Хиподром се предвидува основно училиште со капацитет за 580 ученика, градинка за 190 деца, социјална установа, црква и локален трговски центар

Министерството за транспорт и врски, бидејќи се работи за надвозник кој се наоѓа на еден од автопатите.

Тој посочи дека уште минатата година кога планот бил во фаза на изработка се јавиле повеќе инвеститори кои пројавиле интерес за овој локалитет, меѓу кои и од Израел и од Австрија, бидејќи станува збор за многу атрактивна локација која е на влезот на Скопје и која како што рече Трајановски, се надева дека ќе стане лик, препознатливост и порта на градот Скопје.

# Со хуманитарен крос ќе ги обнову

## БОБИ СТЕВКОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ГАЗИ БАБА

**Која е целта на хуманитарниот крос што го организирате?**

Овој хуманитарен крос се одржува по иницијатива на општинскиот сојуз за училишен спорт, бидејќи состојбата со училишно-спортските реквизити во сите 11 основни училишта на подрачјето на општината Гази Баба е повеќе од лоша. Знаеме дека основа за квалитет на еден час по физичко и здравствено воспитување е опремата. Во соработка со неколку невладини организации и со општината Гази Баба сакаме да направиме голем хуманитарен крос, од кој собраните пари ќе одат на сметка за реновирање на постојните спортски објекти. Дел од тие пари сакаме да ги вложиме и во СОС детското село, каде што би помогнале со реквизити и со реновирање на терените. Целта на овој крос ќе биде пред сè децата да се дружат, забавуваат и да спортуваат. Затоа упатуваме и повик до сите заинтересирани лица и фирми да ни помогнат во оваа благородна мисија и идеја, да ги направиме нашите деца среќни, да им ја вратиме насмевката, да можат да спортуваат во чисти и здрави сали.

**Каде и кога ќе се одржи кросот?**

Датумот сè уште го дефинираме, но мислиме дека тоа треба да биде на 30 април, на Денот на планетата Земја, во спортско-рекреативниот центар Хиподром. Би учествувале околу 500 дечиња од сите 11 основни училишта.

**Како ќе се одвива собирањето пари?**

Во полн ек е подготвувањето на програмата, која ја изработуваме заедно со една германска невладина организација. Имаме една идеја да ја пресликаме практиката од Германија. Таму секоја фирма спонзорира некое детенце и колку тоа ќе претрча, толку пари таа ќе донира Но, се уште не сме одлучиле дали ова ќе биде методот, иако ни изгледа прифатливо. Планираме, нормално, тоа да биде и медиумски покриено. Како општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба се гледаме како сервис на децата, со цел да ги тргнеме од улиците и да ги направиме поздрави и посреќни.

**Кои фирми очекувате да учествуваат на кросот?**

На подрачјето на општината Гази Баба се наоѓаат можеби најголемите фирми и ги повикуваме да учествуваат. Парите што би ги вложиле не се многу, но со тоа ќе го помогнат развојот на нашите деца, кои се нашето богатство и иднина.

Последните истражувања во Македонија, Србија и Хрватска покажаа еден фрапантен податок дека над 40 отсто од дечињата до 14 години имаат деформитети на телото. Сето тоа е последица на недостиг од физички активности. Најдобар лек да се спречи тоа е добра физичка настава, но потребни се услови.

**Каква е сега состојбата со училишниот спорт воопшто?**

Условите се различни во училиштата. Сепак, со години никаде не е инвестирано. Некаде условите се просечни, а некаде се многу лоши. ***Среќни сме што нашиот градоначалник го сака спортот и несебично го помага. Така, општината ги финансира сите лиги што ги организираме. Првата година имавме лига во фудбал во која што учествуваа повеќе од 200 деца. Веќе втора година функционираме со две лиги. Додадовме и машка лига во кошарка и куп натпревари во ракомет и пролетен и есенски крос. Бројот на децата што учествуваат во сите овие спортски настани надминува 1.000 што не прави среќни и задоволни.*** За следната година настапуваме доста амбициозно, но имаме комплетна поддршка од општината и мислам дека ќе ја оствариме нашата програма. Планираме лиги во фудбал, кошарка, како и ракомет за момчиња и за девојчиња. Тие лиги траат по три месеци. Понекогаш се поклопуваат, но на учениците не им е тешко да одат на натпревари. Исто







така, оваа година, бидејќи како наставник по физичко воспитание работи олимпиецот Дејан Ангеловски, поранешен балкански првак во фрлање ѓуле и копје и учесник на олимпијади, направивме проект во училиштето каде што тој предава, во "Крсте Мисирков" да се изгради мини атлетски терен. Потоа, откако сите училишта ќе спроведат натпревари во атлетика наесен, напролет ќе се организира општинско првенство на Гази Баба. Од сите овие активности корист имаат многу категории на граѓани. Прво, родителите и општината, бидејќи создаваме млада и здрава популација насочена кон спортот, а второ, ќе имаат корист клубовите, бидејќи основа за квалитет и талент е квантитетот.

**Има ли услови во сите училишта да се одржуваат натпревари?**

Натпреварите ги одржуваме во училиштата каде што има подобри услови. Од идната година на наше задоволство општината ни ја дава на располагање и новата спортска сала во изградба од проектот на Владата, што се гради во "Наум Наумовски - Борче".



Но, треба да се потрудиме да обезбедиме поквалитетна настава и секаде да можеме да одржуваме натпревари, односно да ги подобриме условите во училишните сали и на надворешните терени.

**Дали во руралниот дел од општината проблемите се поголеми, пред се поради оддалеченоста?**

За тоа имаме доставено барање и добивме позитивни сигнали од ЈСП и од градот Скопје, за децата што учествуваат во спортските натпревари да не плаќаат возни билети. Што се однесува до условите, во руралните средини тие се многу потешки. Целта на овие натпревари е да не бидат ад-хок, туку да траат минимум три месеци и се надеваме дека со донациите и со успешноста на хуманитарниот крос ќе се подобрат условите.

**Имате ли планови да се прошират училишните лиги на градско ниво?**

Се одржуваат турнири на кои нашите екипи секогаш ги освојуваат првите места. Не само на градско, туку и на републичко ниво. Ние нашите натпревари ги организираме малку попрофесионално. На нив секогаш има лекар, медицинска екипа, полиција, ги судат професионални судии од фудбалската, кошаркарската или од ракометната федерација, имаме соработка и со другите општини. За сево ова секој наставник има задолжение да спроведе натпревари во своето училиште, за што помасовно децата да се вклучат и да се создадат училишни екипи и како врв на сè да се направи репрезентација. Имаме во план да одиграме и пријателски натпревари и со збратимените општини на Гази Баба. Сакаме во 2009 година да организираме и мали олимписки игри.

**Се мешаат ли децата во тимовите?**

Нашата намера е да нема такво мешање бидејќи целта ни е квантитетот. Значи, не да бидеме најдобри, туку што повеќе деца да насочиме кон вистинскиот пат и тие да ги чувствуваат и да ги доживеат благодетите на спортот. Има такви случаи, но дури и во помалите училишта во разговор со тамошните наставници им се укажува тие дечиња да не настапуваат во повеќе спортови.

**Има ли некои идеи ако некои деца покажат талент да им се помогне да го развијат и да почнат спортска кариера?**

Соработуваме со ракометните клубови Кометал Ѓорче Петров и со Металург, како и со фудбалските клубови, Скопје, Металург, Маџари и Работнички Кометал. На речиси сите натпревари има тренери од тие клубови кои ги следат децата и планираме најдобрите да ги испраќаме таму. Имаме талентирани деца, но талентот важи до 14 годишна возраст. Потоа треба да дојде до израз стручната работа и условите. Затоа нашите таленти пропаѓаат од неквалитетните услови. Ретки се тие како Пандев или Лазаров што биле толку талентирани, па не можеме да ги уништиме.

# ваме училишните спортски терени

## ЈАВЕН ПОВИК

**Почитувани граѓани,**

Согласно член 30 од Законот за даноци на имот ("Службен весник на РМ" бр.61/04), Градот Скопје за 2008 година има обрска да изготви поединечни решенија за висината на данокот на имот.

**СЕ ПОВИКУВААТ СИТЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА:**

кои не пријавиле или не добиле решение за утврдување на данок на имот,

кои се стекнале со имот, или почнуваат да го користат во текот на годината, или се стекнале со имот по друга основа, како што се купопродажба, подарок и наследство,

кај кои постојат промени во податоците за имотот (по настаната грешка) содржани во претходно поднесени даночни пријави, а кои влијаат на висината на даночната обврска,

**ДА ЈА ИСПОЛНАТ СВОЈАТА ЗАКОНСКА ОБВРСКА СО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДАНОЧНА ПРИЈАВА ИЛИ ПРИЈАВА ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ.**

Пријавите се поднесуваат и подигаат во просториите на администрацијата на Град Скопје, улица Илинденска 66, во барака бр. 16 или во администрацијата на општина Гази Баба, барака бр. 5 сектор финансии.

**Направете го тоа за Вас, за Вашата општина, за Градот Скопје.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски**

За сите информации: **www.gazibaba.gov.mk и www.skopje.gov.mk**

## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со општина Гази Баба

**Адреса:**

Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 21 51 12 |
| **e-mail** | contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk |
| **Интернет адреса** | www.gazibaba.gov.mk |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден $cm^2$ | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 20.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:** Емилија Кипровска

**Заменик главен и одговорен уредник:** Неделчо Крстевски

**Компјутерска обработка и дизајн:** Дејан Стојанов

**Печати:** Европа 92

**Тел:** 02/3 22 28 76
3 22 66 55
3 23 89 66